**20140391134**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЦИНСКИТЕ СТУДИИ И КОНТИНУИРАНОТО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ДОКТОРИТЕ НА МЕДИЦИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 февруари 2014 година.

Бр. 07 – 1090/1
20 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЦИНСКИТЕ СТУДИИ И КОНТИНУИРАНОТО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ДОКТОРИТЕ НА МЕДИЦИНА

Член 1

Во Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина („Службен весник на Република Македонија“ број 16/13), во членот 7 став (1) по зборовите: „докторите на медицина, специјалистите и супспецијалистите“ се додаваат зборовите: „докторите на стоматологија, специјалистите и супспецијалистите и дипломираните фармацевти вработени во јавните здравствени установи, како и помошниот медицински кадар“.

Во ставот (3) по зборовите: „докторите на медицина, специјалистите и супспецијалистите“ се додаваат зборовите: „докторите на стоматологија, специјалистите и супспецијалистите и дипломираните фармацевти вработени во јавните здравствени установи, како и помошниот медицински кадар“.

Во ставот (4) по зборовите: „докторите на медицина, специјалистите и супспецијалистите“ се додаваат зборовите: „докторите на стоматологија, специјалистите и супспецијалистите и дипломираните фармацевти вработени во јавните здравствени установи, како и помошниот медицински кадар“, а точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „која што најдоцна до 15 ноември во тековната година раководителот на секторот надлежен за континуирана медицинска едукација во Министерството за здравство ја подготвува и доставува до министерот за

здравство како предлог на годишна програма. Годишната програма се извршува со обуки во странство кои траат најмалку 30 дена и содржи најмалку 1.000 обуки годишно, од кои најмалку 200 обуки се за докторите на медицина, специјалистите и супспецијалистите вработени во јавни здравствени установи на терциерно ниво и најмалку 600 обуки се за доктори на медицина вработени во јавни здравствени установи на секундарно ниво. Во годишната програма дополнително се вклучуваат и докторите на стоматологија, специјалистите и супспецијалистите и дипломираните фармацевти вработени во јавните здравствени установи, како и помошниот медицински кадар. Во годишната програма се предвидуваат дополнителни обуки и за докторите на медицина вработени во јавни здравствени установи на секундарно ниво, приватните специјалисти во мрежа, службите за превенција, дежурните служби, итна медицинска помош и домашна посета кои се извршуваат во здравствени установи во Република Македонија. Докторите на медицина вработени во јавни здравствени установи на секундарно ниво се должни најмалку четири месеци во период од шест години да поминат на обука во странство, овозможена од Министерството за здравство и најмалку два месеца во период од пет години да поминат во обука во здравствена установа на терцијарно ниво, овозможена од Министерството за здравство. "

Во ставот (5) по зборовите: „докторите на медицина, специјалистите и супспецијалистите" се додаваат зборовите: „докторите на стоматологија, специјалистите и супспецијалистите и дипломираните фармацевти вработени во јавните здравствени установи, како и помошниот медицински кадар".

Во ставот (6) по зборовите: „докторите на медицина, специјалистите и супспецијалистите" се додаваат зборовите: „докторите на стоматологија, специјалистите и супспецијалистите и дипломираните фармацевти вработени во јавните здравствени установи, како и помошниот медицински кадар".

Во ставот (10) по зборовите: „докторите на медицина, специјалистите и супспецијалистите" се додаваат зборовите: „докторите на стоматологија, специјалистите и супспецијалистите и дипломираните фармацевти вработени во јавните здравствени установи, како и помошниот медицински кадар".

Член 2

Во членот 9 по ставот (15) се додаваат два нови става (16) и (17), кои гласат:

„(16) Министерот за здравство најдоцна до 1 декември тековната година донесува годишен план за едукација на избраните лекари во Република Македонија, кој опфаќа најмалку 50% од избраните лекари во Република Македонија, која важи од 1 јануари следната година, која е организирана и на товар на Министерството за здравство вклучително и патните трошоци на избраните лекари, која е акредитирана од страна на Лекарската комора на Македонија, односно Стоматолошката комора на Македонија и која е задолжителна за сите избрани лекари во мрежата на здравствени установи и која особено содржи обуки за упатствата за медицина заснована на докази, обуки за стекнување на вештини, обуки за користење и читање на ЕКГ, обуки за дефибрилација, реанимација и основно одржување во живот. Дел од обуките на избраните лекари задолжително се спроведуваат во здравствени установи на терцијарно ниво каде што се третираат првите пет најчести причини (болести) за смртност во Република Македонија. Обуката на избраните лекари се состои од теоретски и практичен дел. Теоретскиот дел од обуката е во присуство на повеќе избрани лекари, трае најмалку четири часа и задолжително завршува со проверка на знаењето на избраните лекари со тест. Практичниот дел од обуката на избраните лекари се извршува со присуство на избраните лекари на третман на пациенти од страна на специјалист, односно супспецијалист во здравствена установа. По завршувањето на практичниот дел од обуката што трае вкупно четири пати по четири часа

специјалистот, односно супспецијалистот издава писмена потврда дека избраниот лекар присуствувал на практичниот дел од обуката. Обуката на избраните лекари по правило се одржува во викенд освен доколку избраниот лекар не побара обуката да се спроведува во работни денови. Министерот за здравство овластува најмалку три лица од Министерството за здравство и по едно лице од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија кои ја следат реализацијата на годишниот план за едукација на избраните лекари и кои еднаш месечно му доставуваат извештај за следењето на реализацијата на едукацијата.

(17) Доколку министерот за здравство не ја донесе годишната програма за обука на докторите на медицина, специјалистите и супспецијалитите, односно годишниот план за едукација на избраните лекари во Република Македонија, во тековната година се применува годишната програма за обука на докторите на медицина, специјалистите и супспецијалитите, односно годишниот план за едукација на избраните лекари во Република Македонија, кои важеле претходната година."

Член 3

Во членот 16 став (3) износот „2.000" се заменува со износот „10.000", а износот „2.500" се заменува со износот „15.000".

По ставот (6) се додаваат два нови става (7) и (8), кои гласат:

„(7) Глоба во износ од 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководителот на сектор надлежен за континуирана медицинска едукација во Министерството за здравство доколку до 15 ноември во тековната година не подготви и не достави на министерот за здравство предлог на програма (член 7 став (4)).

(8) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во Министерството за здравство доколку не овласти најмалку три лица во Министерството за здравство да ја следат реализацијата на годишниот план за едукација на избраните лекари во Република Македонија (член 9 став (16))."

Член 4

По членот 16 се додава нов член 16-а, кој гласи:

„Член 16-а

(1) На избраниот лекар кој нема да се јави на едукација и да го положи тестот за проверка на знаењето стекнато на теоретскиот дел од обуката во два последователни обида, односно нема да обезбеди потврда за присуство на практичниот дел на обуката согласно со годишниот план за едукација на избраните лекари во Република Македонија, согласно со договорот склучен со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, ќе му се намали месечниот надоместок од Фондот за здравствено осигурување за 20%, еднократно.

(2) Доколку избраниот лекар две години по ред не се јавува на едукација и не го положи тестот за проверка на знаењето стекнато на теоретскиот дел од обуката, односно нема да обезбеди потврда за присуство на практичниот дел на обуката согласно со годишниот план за едукација на избраните лекари во Република Македонија, ќе се раскине договорот за лиценца за вршење на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи и нема да може да склучи договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија во времетрење од една година."

Член 5

Фондот за здравствено осигурување на Македонија во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ги усогласи договорите со избраните лекари, согласно со одредбите од членот 16-а од овој закон.

Член 6

Министерот за здравство во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го донесе годишниот план за едукација на избраните лекари во Република Македонија за 2014 година.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.